Државната комисија за спречување на корупција, врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/19,), постапувајќи по предмет оформен по пријава од подносителот ------------------ доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата на 41-тата седница одржана на 11.11.2020 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**СЕ ЗАПИРА** постапката по предметот со број 12-4656/1 од 07.10.2019 годин оформен по пријавата поднесена на 07.10.2019 година од подносителот ---------------- до Државната комисија за спречување на корупцијата.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 12-4656/1 од 07.10.2019 година од причина што не се потврдени наводите во пријавата.

Предметот да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметот со број 12-4656/1 од 07.10.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од подносителот ----------------.

Во пријавата се укажува на наводи за сомневање за непостапување на службени лица во Општината Аеродром во врска со изведени незаконски градежни дејствија со кои се извршило уривање/оштетување на оградата на дворното место, во сопственост на лицето ---------------------, заради изведување на градежни работи за паркиралиште за потребите на станарите на зградата бр. 20/1 на ул."Венијамин Мачуковски" бр.16 Скопје, во изведба на инвеститорот -----------------.

Со цел проверка на наводите во пријавата и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави Барање за прибирање на податоци и информации со број 12 -2203/1 од 15.06.2020 година побара од општина Аеродром да достави информација за тоа дали инвеститорот ---------------- ги обезбедил сите потребни дозволи за изведување на градежни работи за изградба на паркиралиште за за потребите на станарите на зградата бр. 20/1 на ул."Венијамин Мачуковски" бр.16 Скопје согласно закон и

дали од страна на службени лица на општина Аеродром е постапено по пријава на лицето --------------- доставена до општина Аеродром и кои се резултатите од постапувањето по истата.

Во законски утврдениот рок беше доставен одговор од општина Аеродром.

По разгледување на наводите во пријавата и добиениот одговор од општината ДКСК ја утврди следната фактичка состојба

Од страна на инспекциските служби во општина Аеродром бил извршен инспекциски надзор, при што било констатирано со Записник за констатација бр. ИП1 29-92 од 24.06.2020г, дека во моментот на вршење на увидот на лице место било констатирано дека не се одвиваат никакви градежни активности на ул."Венјамин Мачуковски" бр.16 ни на број 20 ниту на паркингот и нема основ за поведување на инспекциска постапка, ниту дека е прекршен Законот за градење. Воедно, општината Аеродром го повикал пријавителот ------------- со место на живеење на ул.Венјамин Мачуковски бр.16 од Скопје доколку има нарушено владение, може да поведе судска постапка пред надлежниот суд.

Врз основа на сето гореспоменато, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека во конкретниот случај постапил надлежен државен орган (Инспекциските служби на општината) кои во рамките на законските надлежности презеле конкретни дејствија, ја утврдиле фактичката состојба во пријавениот случај и при тоа констатирале дека нема основи за поведување на инспекциска постапка за евентуални прекршувања на Законот за градење на пријавената локација од причина што таму не се изведувале никакви градежни зафати/работи. Врз основа на сето гореутврдено, ДКСК заклучи дека нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметиот случај и предметот да се затвори и архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата, одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на седница на ДКСК
Изработил: м-р И.П.
Одобрил: Н.Б., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
Shkup KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT Republika e Maqedonisë së Veriut